# Корисничко упатство за електронско работење

Апликацијата за електронско банкарство може да работи исклучиво на Windows OS (минимално Win2000 SP4 и од WinXp SP2 па нагоре) и истата може да се користи со било кој интернет пребарувач но оптимизирана е за работа со Internet Explorer 7 и Mozilla Firefox.
За да работите со апликацијата за електронско банкарство потребно е да имате сертификат запишан на USB токен. Отворете интернет пребарувач и внесете ја следнава адреса https://e-unibank.mk, ќе ви се отвори страната за избор на профил како на слика 1.




Сл. 1

A. За работа со трансакциски сметки за физички лица селектирајте го линкот за **Физички лица**.
B. За работа со платен промет за правни лица селектирајте го линкот за **Правни лица**.

За да работите со web апликацијата за електронско банкарство потребно е да инсталирате **Java** платформа. Ако веќе имате инсталирано Java препорачливо е да направите надградба со последната верзија, кликнете на линкот **Овде** од слика 4, ќе ви се отвори страната од слика 2 и кликнете на **Преземи Java runtime** .
**Чекор 1**. Ако се најавувате по прв пат и немате инсталирано Java, ќе ви се отвори прозорец како на слика 2, кликнете на линкот **Преземи Java runtime** означен со црвен квадрат, за да започнете инсталација на Java. Кај некои пребарувачи потребно е да кликнете на Get Plugin/Install plugin

со што ќе бидете пренасочени на официјалната страна за да симнете и инсталирате последен update. По успешна инсталацијата на Java платформа, кликнете повторно на линкот за најава од слика 1, ќе ви се јави безбедносен прозорец како на слика 3.




Сл. 2

Селектирајте го квадратот пред **Always trust content from this publisher** и кликнете на копчето Run.




Сл.3

**Чекор 2**. Инсталација на компоненти за токен. На страната од слика 2 ќе пристапите ако кликнете на линкот **Овде** прикажан на слика 4. За да ги инсталирате компонентите за токенот кликнете на линкот **Преземи инсталација за Токен**. Ако имате 64 битен  оперативен систем кликнете на линкот **Преземи инсталација за Токен x64**. Кликнете на копчето Save File/Run за да ги инсталирате компонентите за токен. Направете Restart на Вашиот компјутер.




Сл.4

**Чекор 3.** Приклучете го USB токенот во usb портата на Вашиот компјутер и селектирајте го соодветниот профил за најава, ќе ви се отвори страната за најава, слика 5.




Сл. 5

Внесете го Вашиот PIN од безбедносното плико  и кликнете на копчето Најава. По успешна најава ќе ви се отвори Домашна страна.

Детално упатство за работа со web апликација за електронско банкарство за правни  и физички лица има на линкот за **Помош** кој се наоѓа во горниот десен агол на страната.

Телефон за техничка поддршка 02 3248 004